ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) а во врска со чл. 95 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ Бр. 32/20 и 11/23) чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02), и донесената Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2024 година бр.09-160/14 од 26.12.2023 година, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

За организирање на ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА за **ЛУПД за формирање на градежни парцели со намена А1-домување во станбени куќи на КП 568 КО Нижеполе – Општина Битола**

Јавна презентација за **ЛУПД за формирање на градежни парцели со намена А1-домување во станбени куќи на КП 568 КО Нижеполе – Општина Битола,** ќе се одржи на ден 07.03.2024 година (четврток) во 11.00 часот во Салата на Совет на Општина Битола, на Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

**Планскиот опфат на ЛУПД за формирање на градежни парцели со намена А1-домување во станбени куќи на КП 568 КО Нижеполе – Општина Битола**, е согласно графичкиот прилог и со површина од 1,58 ха.

Графичкиот прилог од **ЛУПД за формирање на градежни парцели со намена А1-домување во станбени куќи на КП 568 КО Нижеполе – Општина Битола**, ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 07.03.2024 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета и информацискиот систем е-урбанизам.

**Јавната анкета ќе трае 7 работни денови почнувајќи од 07.03.2024 год. заклучно со 15.03.2024 година.**

Во одредениот рок заинтересираните правни и физички лица од подрачјето опфатено со истата, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од шалтерите на Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-172/3
28.02.2024 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Тони Коњановски**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

